


# ЗЕЛЕН ЛИДЕР – ПРОФИЛ И РАМКА НА КОМПЕТЕНЦИИ

## ПРОФЕСИОНАЛЕН ПРОФИЛ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЗЕЛЕНИОТ ЛИДЕР И ИДНИОТ ЗЕЛЕН ОДДЕЛ ВО МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

GREENLEAD

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Изнесените ставови и мислења се исклучиво на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската Унија или на Извршната агенција за образование и култура (EACEA). Европската Унија, ниту EACEA не може да сноси одговорност за нив.

# ЗЕЛЕН ЛИДЕР – ПРОФИЛ И РАМКА НА КОМПЕТЕНЦИИ

Професионален профил и одговорности на зелениот лидер и идниот зелен оддел во малите и средни претпријатија

# Содржина

**Вовед** **6**

**Резиме – Клучни карактеристики на зелениот лидер**
**8** **Поглавје 1: Зелено лидерство** **10**

1.1. ПРЕОДОТ КОН (ПО)ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО **10**

1.1.1. Улогата на Директивата за корпоративно известување за одржливост (CSRD) 10

1.1.2. Што ги мотивира зелените лидери 11

1.2. КОНЦЕПТОТ НА ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО 11

1.2.1. Што е зелено лидерство? 11

1.2.2. Зошто на компаниите им е потребно зелено лидерство? 12

1.2.3. Што претставува „зелениот оддел“? 12

1.2.4. Што значи „зелен лидер“?

13 1.2.5. Што прават зелените лидери? 13

1.3. ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО ВО ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ 14

1.3.1. Зелено лидерство во различни контексти 15

Ш П А Н И Ј А 15

С Л О В Е Н И Ј А 17

Г Р Ц И Ј А 18

С. М А К Е Д О Н И Ј А 19

**Поглавје 2: Професионален профил на „зелениот лидер“** 201

- Менаџер или советник за одржливост 21
- Координатор за еколошка усогласеност 27
- Менаџер за корпоративна општествена одговорност (CSR) 27
- Одговорен за одржливи иновации 27
- Советник за енергетска ефикасност 28

● Експерт за циркуларна економијat 28

2.1. РАЗНОВИДНОСТ НА УЛОГИТЕ НА ЗЕЛЕНИ ЛИДЕРИ НИЗ СЕКТОРИТЕ 29

2.1.1. Недостатоци 29

2.1.2. Споредба меѓу постојните улоги за одржливост и улогата на зелениот лидер 30

**Поглавје 3: Рамка на компетенции за зелени лидери во претпријатијата** 311

3.1. ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И СТАВОВИ НА ЗЕЛЕНИОТ ЛИДЕР 31

Зелени компетенции 32

Технички компетенции 32

Лидерски и меки вештини 33

3.1.1. Како „зелениот лидер“ ги пополнуваат празнините? 34

● Фрагментација на улогите 34

● Недостаток на стратешка визија 34

● Недоволен фокус на управување со промени 34

● Отсуство на спој меѓу дигитални и зелени вештини 34

● Непостоење на заедничка квалификациска патека 34

3.1.2. Обука и интегрција на профилот „зелен лидер“ 35

**Поглавје 4: Предлог-програма за обука и наставен план за „зелени лидери“** 35

4.1. МАПИРАЊЕ НА ПРОФИЛОТ „ЗЕЛЕН ЛИДЕР“ 36

# Вовед

Во денешниот брзо променлив свет, зелената транзиција веќе не претставува право на избор, туку стратешка неопходност. Климатските промени, недостигот од ресурси, зголемените регулаторни притисоци и променливите очекувања на потрошувачите радикално го менуваат начинот на кој функционира бизнис секторот.

Малите и средни претпријатија (МСП), кои сочинуваат повеќе од 99% од сите компании во Европската Унија и обезбедуваат повеќе од 60% од вкупната вработеност, се истовремено и двигатели на европската економија и клучни чинители во остварувањето на целите на Европскиот зелен договор. Дополнително, нивната улога во постигнувањето на амбицијата Европа да стане првиот климатски неутрален континент до 2050 година е особено важна.

Сепак, многу МСП се соочуваат со потешкотии при адаптацијата на овие процеси. Според Европската комисија, само 24% од Европските МСП превзеле конкретни чекори кон одржливост, а уште помал процент од нив ја интегрирале одржливоста во својата основна бизнис-стратегија. Најчести пречки за истото се ограничените финансиски и човечки ресурси, недостигот на техничко знаење (во областа на зелени иновации, еколошка усогласеност и циркуларна економија), како и ограничениот пристап до зелени иновации и дигитални алатки.

За да се надминат овие предизвици, сè повеќе се јавува потреба од нов тип на „специјализирано лидерство“ во рамките на МСП, односно, лидери или професионалци кои ќе ја поврзат принципите на одржлив развој со секојдневните деловни активности на претпријатието. Нивната улога ќе биде да ја водат транзицијата кон позелени, подигитализирани и општествено одговорни деловни модели на работење. Таквите лидери мора да поседуваат комбинација од зелени, технички и меки вештини за да можат успешно да ги следат регулативите; да ги ангажираат засегнати страни и да ја интегрираат одржливоста во сите процеси на донесување одлуки.

Токму затоа, овој документ го воведува профилот на „**зелен лидер“** како позиција или улога која се воведува во МСП со цел да го поддржи и олесни транзицијата кон одржливо или зелено работење. Покрај тоа, документот се предлага и формирање на т. Нар „**зелен оддел или сектор“** во рамки на МСП, како флексибилна и крос-секторска структура во претпријатието, која може да биде формална или неформална, раководена од зелен лидер и сочинета од тим на посветени (на одржливоста) и мотивирани вработени.

Документот исто така презентира и **нацрт**-**Рамка на компетенции за зелените лидери**, која ги дефинира клучните знаења, вештини и ставови што се потребни за ефективно водење на зелена транзиција во МСП од сите сектори и големини. Оваа рамка ја отсликува реалноста на денешниот корпоративен пејзаж и ги антиципира идните потреби, во кои Зелените лидери ќе станат основа на отпорноста, конкурентноста и еколошката одговорност на МСП во новата Европска зелена економија.

Наместо да се создаде изолирана функција ограничена на врвниот менаџмент или одделот за одржливост, улогата на Зелениот лидер може да произлезе од која било функција во организацијата — без разлика дали се работи за операции, човечки ресурси, логистика или администрација — сè додека постои волја за воведување на промени во претпријатието. Овој демократизиран пристап кон лидерството овозможува зелената трансформација да стане составен дел од организациската култура на секое МСП.

Имено, како што покажуваат најновите истражувања, иако одржливоста на прв поглед може да изгледа како процес што бара многу ресурси, сепак, воведувањето одржливи практики не носи придобивки само за животната средина — туку придонесуваат и за долгорочна отпорност на бизнисот. Малите и средни претпријатија кои ги прифаќаат зелените практики често бележат намалени оперативни трошоци (на пример, за енергија и материјали), полесен пристап до зелено финансирање и грантови, поголема лојалност од страна на клиентите, подобра позиција на пазарот – особено кај потрошувачи кои сè повеќе ја вреднуваат одржливоста – како и зголемена усогласеност со новите регулативи на Европската Унија, како што е Директивата за извештаи за корпоративна одржливост (CSRD).

Преку претставување на профилот на Зелениот лидер и визијата за воспоставување зелен оддел или сектор во МСП, овој документ придонесува кон пошироката дебата – како на политичко, така и на индустриско ниво – за тоа како да се направи одржливоста применлива, инклузивна и стратешки важна за малите и средни претпријатија во Европа.

## Резиме – Клучни карактеристики на зелениот лидер

Преодот кон зелена економија бара лидерство на секое ниво. Лидерите кои ќе ги охрабрат вработените да превземат или се приклучат кон иницијативите за одржливост, им помагаат на малите и средни претпријатија (МСП) да станат поагилни, поиновативни и поконкурентни на пазарот. Токму затоа зелениот лидер има клучна улога во зелената трансформација на МСП. Зелениот лидер овозможува одржливоста да биде интегрирана во секојдневните операции и одлуки на претпријатието— правејќи го одржливото работење составен дел од деловното функционирање на истото.

- **Кој е зелениот лидер?**

Зелениот лидер во малите и средни претпријатија е вработен — без оглед на неговата функција или оддел/сектор во кој работи во истата — кој води претпријатието кон поодговорни и поодржливи еколошки практики. Зелениот лидер во МСП не е нужно да биде експерт за одржливост, туку личност со мотивација и капацитет да иницира и води промени одвнатре.

- **Што прават зелените лидери?**

Накратко, зелените лидери:

(1) Промовираат еколошки одговорно однесување низ тимовите и оддели, односно секторите во претпријатието.

(2) Идентификуваат можности за намалување на потрошувачката на енергија, отпадот, CO2 емисиите и трошоците на претпријатието

(3) Координираат или поддржуваат зелени проекти – без разлика колку се мали или големи истите.

(4) Гарантираат усогласеност на работењето на претпријатието со новите регулативи за одржливост (на пример, Директивата за корпоративна општествена одговорност на Европската унија, ЕУ Таксономија и сл.).

(5) Делуваат како внатрешни промотори на циркуларна економија, еко-иновативност и климатска отпорност.

- **Кои знаења и вештини им се потребни на зелените лидери?**

Зелените лидери треба да поседуваат:

(1) Основно разбирање за еколошкото влијание на секторот и принципите на одржливост.

(2) Способност да ги мотивираат и вклучат колегите во сите активности за зелена транзиција.

(3) Познавање на дигитални алатки за следење на емисиите, потрошувачката на енергија, отпадот и/или индикаторите за одржливост.

(4) Вештини за координација на проекти и луѓе.

(5) Комуникациски вештини и способности за работа низ различни оддели/сектори и тимови.

(6) Подготвеност да иницира промени.

- **Кој може да стане зелен лидер?**

Улогата на зелен лидер е достапна за секој вработен во компанијата кој е подготвен да учи и да преземе иницијатива — без разлика дали е координатор за логистика, асистент во човечки ресурси, службеник за набавки, техничар или административен персонал. Најважни карактеристики на зелениот лидер се неговиот/нејзиниот начин на размислување, чувството за одговорност, способноста за соработка и желбата за конкретно делување.

# Поглавје 1: Зелено лидерство

## 1.1. ПРЕОДОТ КОН (ПО)ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО

До 1970-тите години, традиционалните теории за развојот најмногу го истакнуваа економскиот раст, при што лидерството се темелеше главно на максимизација на профитот (K. Piwowar-Sulej, Q. Iqbal, 2022). Сепак, во последните децении, лидерите од бизнис секторот, сè повеќе се насочуваат кон изнаоѓање рамнотежа меѓу остварувањето на профит и интегрирањето на трите столба на одржливиот развој: економски, социјални и еколошки (M.S. Correia, 2019). Ова поместување на бизнис-филозофијата го одразува сè поголемото разбирање дека долгорочниот успех е неразделно поврзан со грижата за животната средина, социјалната одговорност и потребата од холистички пристап кон развојот (Rizwan Ullah Khan, 2023).

Овие промени се резултат на зголемениот притисок од различни засегнати страни — потрошувачи, инвеститори, регулатори и пошироката јавност — кои бараат од компаниите да ги намалат своите негативни влијанија врз животната средина. Како одговор, сè повеќе претпријатија започнуваат да интегрираат еколошки одговорни практики во своето секојдневно работење, како што се зелени операции, зелен маркетинг, па дури и зелено сметководство.

### 1.1.1. Улогата на Директивата за корпоративно известување за одржливост (CSRD)

На 16 декември 2022 година, Директивата за корпоративно известување за одржливост (CSRD) беше објавена во Службениот весник на Европската Унија. Според неа, земјите-членки имаат рок од 18 месеци да ја транспонираат во своето национално законодавство (Jörg Plass, 2023).

**Директивата значително ги заострува барањата за корпоративно известување**, со што се опфатени околу 50.000 големи компании низ Европа, кои ќе треба со поголема транспарентност да известуваат за своите практики, перформанси и влијанија врз одржливоста (Jörg Plass, 2023).

Овој регулаторен притисок доведе до значителен напредок кај големите компании во ЕУ во поглед на практиките за одржливост. Спротивно на тоа, малите и микропретпријатија беа изземени од обврската, а со тоа и од притисокот да вложуваат во зелени практики. Сепак, на пример, листата на „Климатски лидери на Европа 2025“ на Financial Times веќе ги истакнува компаниите што успеале да ги намалат своите емисии на стакленички гасови токму благодарение на ваквите обврски.

*Иако големите компании во Европа се предводници во зеленото лидерство, МСП, поттикнати од прилагодените стандарди за известување за одржливоста постепено ја прифаќаат истата. За целосно да ги интегрираат зелените практики во своето работење, клучно ќе биде да продолжи обезбедувањето на соодветни ресурси и стимулации.*

Препознавајќи ја важноста на CSRD, Европската Унија го прошири нејзиниот опсег, вклучувајќи и избрани мали и средни претпријатија кои од 2026 година ќе мора да известуваат за прашања поврзани со одржливоста. За да им се помогне на МСП во овој процес, Европската советодавна група за финансиско известување (EFRAG) разви прилагодени стандарди за известување, кои балансираат меѓу потребата за транспарентност и ограничените капацитети на малите бизниси (Green Forum, 2024).

### 1.1.2. Што ги мотивира зелените лидери?

Иако МСП се соочуваат со бројни пречки – како што се ограничени ресурси, недостиг на експертиза и сложеност на регулативите – истражувањата покажуваат дека тие се поподготвени да воведат практики за одржливост кога постои притисок од синџирот на снабдување или кога постои јасна финансиска корист, отколку кога тоа е наложено со закон (Ismail Juma Ismail, 2024).

Истовремено, истражување објавено во списанието SAGE Open укажува на позитивна корелација помеѓу зеленото лидерство и вкупната успешност на компаниите. Во него се нагласува дека проактивните еколошки стратегии, иницирани од лидери со јасна визија за одржливост, можат да доведат до подобри финансиски резултати (SAGE Journals, 2020).

Дополнително, Светскиот економски форум истакнува дека интеграцијата на одржливоста во основната деловна стратегија е клучна за справување со растечките очекувања на инвеститорите, потрошувачите и регулаторите (World Economic Forum, 2022).

## 1.2. КОНЦЕПТОТ НА ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО

Во услови на климатски промени, нови регулативи, промени во политиките, потрошувачкото однесување, технолошкиот развој и динамичната бизнис-средина, **компаниите – вклучително и малите и средни претпријатија (МСП) – сè почесто имаат потреба од посветено лидерство**. Тоа подразбира **професионалци кои ќе можат одвнатре да ги дизајнираат, управуваат и забрзуваат одржливите практики** (Rizwan Ullah Khan, 2023). Овој вид лидерство е клучен за постигнување добри еколошки перформанси и одразува растечката потреба од применување на зелено лидерство и размена на еколошко знаење во работната средина.

### 1.2.1. Што е зелено лидерство?

Зеленото лидерство се смета за еден од клучните концепти во рамките на одржливиот развој (Lusiani, M, 2020). Тоа претставува **стил на водење кој влијае на формирањето на „зелено“ однесување кај вработените и другите засегнати страни, со цел создавање производи и услуги согласно политики што се пријателски кон животната средина** (M.C. Davis, 2020). Во друга дефиниција, зелено лидерство се опишува како стил кој помага во развојот на еколошки одговорни производи и услуги, како и управување со компанијата на начин кој го заштитува природното опкружување (Rizwan Ullah Khan, 2023).

Најважното е дека вработените во компании што применуваат зелено лидерство се склони кон поголеми инвестиции во активности што се пријателски за животната средина. Тие, исто така, добиваат и силна поддршка од своите лидери – наречени зелени лидери (Rizwan Ullah Khan, 2023). Имајќи предвид дека лидерството игра клучна улога во мотивирање на вработените да се вклучат во еколошките иницијативи на компанијата, без притоа да ја нарушат природата, зеленото лидерство може да се дефинира и како „способноста на лидерите да влијаат врз поединци и организации за да остварат визија за долгорочна еколошка одржливост“ (C.P. Egri, S. Herman, 2000).

### 1.2.2. Зошто на компаниите им е потребно зелено лидерство?

**Зеленото или еколошко лидерство ги охрабрува компаниите да спроведуваат различни зелени активности.** Тоа поттикнува иновации, креативност, развој на капацитети и многу повеќе (Aftab et al., 2022a). Зелените лидери имаат подлабоко разбирање за потребата од еколошко управување и преку споделување знаење придонесуваат за развој на еколошки производствени процеси и промени во организациската култура со цел подобрување на одржливите резултати (Rizwan Ullah Khan, 2023).

### 1.2.3. Што претставува „зелениот оддел“?

За поефикасна имплементација и проширување на активностите за одржливост, многу компании – особено МСП – воспоставуваат т.н. зелени оддели или тимови. Тие функционираат како интерни групи кои следат докажани добри практики за да го зголемат влијанието на одржливоста во целата организација (PlanA, 2019).
Овие единици се одговорни за:

- Дизајнирање и координирање на иницијативи за одржливост (на пр. намалување на емисии, управување со отпад);
- Следење на еколошките перформанси и ESG известување;
- Поттикнување на меѓуодделска соработка на зелени проекти;
- Усогласување со ЕУ политики како Европскиот зелен договор, CSRD и принципите на циркуларна економија

Дури и мал, специјализиран зелен оддел во рамките на МСП гарантира дека одржливоста не е спореден елемент, туку интегриран дел од деловната стратегија. Овие тимови често тесно соработуваат со Зелениот лидер или менаџерот за одржливост и влијаат врз процесите во набавки, производство, логистика и човечки ресурси. Така, целата организација станува поотпорна, поефикасна и поконкурентна во зелената економија. И на крај – и зеленото лидерство и добро структурираните зелени оддели се неопходни за да ги подготват МСП за идните регулативи, да привлечат еко-свесни клиенти и инвеститори, и да придонесат кон глобалната транзиција кон одржливост.

### 1.2.4. Што значи „зелен лидер“?

Зелениот лидер е стратешки позициониран професионалец кој ја води еколошката транзиција на претпријатието. Оваа улога е клучна не само за усогласување со еколошките регулативи, туку и за отклучување на нови можности – како пристап до зелено финансирање, зголемување на конкурентноста и адаптација кон пазарот кој сѐ повеќе ја бара одржливоста.

Зелениот лидер поседува специфични вештини и способности за намалување на негативните ефекти од работењето врз животната средина, ресурсите и начинот на живот (Rizwan Ullah Khan, 2023). Тој развива силна еколошка свест во работната средина и поттикнува трајни позитивни промени во однесувањето кај вработените (M.C. Davis, 2020).

Овие лидери ја зголемуваат заинтересираноста на вработените за еколошки прашања и ги мотивираат да создадат емоционална врска со природата, што доведува до усогласување на бизнисот со одржливи еколошки политики. Истражување од 2020 година покажува дека кога зелените лидери имаат добри релации со тимот, загриженоста на вработените за еколошките проблеми значително се зголемува. Друго истражување посочува дека вработените што работат во тимови водени од зелени лидери имаат повисока еколошка свест и се поподготвени да применуваат одржливо однесување – како што се намалување на отпад, заштеда на енергија и еко-свесно купување (J. Feng, 2018).

## 1.2.5. Што прават Зелените лидери?

Зелените лидери имаат низа одговорности кои се групираат во пет главни области:

- **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Зелениот лидер активно се грижи за природата и континуирано работи на намалување на негативните влијанија преку воведување еко-пријателски практики, намалување на јаглеродниот отпечаток и управување со отпадот. Првиот чекор е спроведување на еколошка анализа за утврдување на критичните точки и поставување реални цели.

- **ИНТЕГРАЦИЈА НА ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА**

Преминот кон обновливи извори на енергија – како што се сончева, ветерна или хидроенергија – е важен елемент на зеленото лидерство. Со соработка со енергетски експерти, лидерите го намалуваат влијанието врз околината и го поддржуваат преминот кон зелена економија.

- **ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ**

Секоја фаза – од избор на суровини до одлагање на производите – е можност за подобрување. Зелените лидери работат со одговорни добавувачи, користат рециклирани материјали и оптимизираат транспорт со цел да ги намалат емисиите.

- **ВКЛУЧУВАЊЕ И ЕДУКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ**

Една од клучните улоги на зелениот лидер е мотивирање и едукација на вработените. Тоа може да се постигне преку натпревари, награди за зелено однесување и практични иницијативи што ја градат тимската еко-култура.

- **ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И АНГАЖМАН ВО ЗАЕДНИЦАТА**

Зелените лидери разбираат дека нивната улога не завршува во рамките на работното место – тие активно ја поддржуваат заедницата околу себе. Тоа вклучува учество во локални еколошки проекти, инвестирање во зелени површини или помагање во акции за чистење и сл. Со вклучување во општествени и еколошки иницијативи, лидерите покажуваат дека се грижат и за луѓето и за планетата, градејќи доверба и силна репутација.

Всушност, зеленото лидерство не е минлив тренд. Тоа е суштински чекор кон поодговорна и одржлива иднина. Лидерите кои се посветени на еколошки активности не само што ги штитат природните ресурси, туку и ги позиционираат своите организации како визионерски и прогресивни. Водејќи иницијативи во области како што се чиста енергија, одржливи синџири на снабдување, ангажирање на вработените и учество во заедницата, тие придонесуваат за свет каде деловниот успех оди рака под рака со грижата за животната средина (Next One Staffing, 2024).

## 1.3. ЗЕЛЕНО ЛИДЕРСТВО ВО ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ

Во последната деценија, зеленото лидерство сè почесто се појавува како централен концепт во стратегиите за одржлив развој на европските земји. Иако концептот има заеднички основи, како на пример грижата за животната средина, општествената одговорност и енергетската ефикасност, начинот на кој се применува се разликува од држава до држава, зависно од локалниот контекст, економските приоритети и политичката волја.

Во Европа, зеленото лидерство често се појавува под различни називи, секој од нив одразувајќи специфични функции и стратешки приоритети на одделни компании, како на пример:

- Менаџер за одржливост
- Координатор за усогласеност со еколошки стандарди
- Менаџер за корпоративна општествена одговорност (CSR)
- Раководител за одржливи иновации
- Советник за енергетска ефикасност
- Специјалист за циркуларна економија и сл.

Овие улоги најчесто се среќаваат во сектори како што се производството, земјоделството, градежништвото, транспортот, ИКТ и туризмот, односно, сектори кои во голема мера влијаат врз животната средина.

Надвор од Европската Унија, во земји како Канада, САД, Јапонија и Австралија, исто така расте интересот за одржливо лидерство во деловниот сектор. Најчести профили на зелено лидерство таму се:

- ***Директор за одржливост***: присутен во средни компании фокусирани на меѓународниот пазар.
- ***Менаџер за зелени операции***: присутен во секторите производство, логистика и енергија.
- ***Раководител за одржливи набавки:*** присутен во компании кои работат во трговија, прехранбена и текстилна индустрија.
- ***Координатор за еко-иновативност***: доминантен профил во технолошки и стартап компании од областа на чиста енергија.

Според **Глобалното истражување на МСП во 2022 година**, спроведено од Меѓународната стопанска комора (ICC), над 60% од малите и средни претпријатија на глобално ниво признаваат дека сè уште немаат формална стратегија за одржливост, но над 70% изразиле намера да ангажираат или обучат кадар со зелени компетенции во наредните две години (ICC Global Survey, 2022).

Според податоците на **Европската инвестициска банка (EIB)**, повеќе од 40% од МСП во ЕУ го наведуваат недостатокот на внатрешна експертиза како главна пречка за инвестирање во зелени проекти, додека над 75% се согласуваат дека подобрувањето на еколошките перформанси е деловен приоритет (EIB Investment Survey, 2023).

Во Јужна и Југоисточна Европа, малите и средни претпријатија сè повеќе го ставаат вработувањето на кадар со зелени лидерски капацитети како приоритет, со цел да ги води нивните стратегии за одржливост. Овој тренд е видлив во земји како Шпанија, Словенија, Грција и Северна Македонија, каде бизнисите сè повеќе ја препознаваат стратешката важност од интегрирањето на одржливоста во своето секојдневно работење.

### 1.3.1. Зелено лидерство во различни контексти

#### Ш П А Н И Ј А

Малите и средни претпријатија (МСП) во Шпанија активно бараат професионалци кои ќе ги водат нивните иницијативи за одржливост. Едно неодамнешно истражување на шпанските МСП идентификуваше клучни фактори кои го олеснуваат прифаќањето на одржливи практики, при што се истакнува сè поголемиот акцент на еколошките и социјалните цели во овие компании (SAGE Journals, 2025).

Побарувачката за професионалци од областа на одржливоста дополнително се потврдува преку бројните понуди за работа во сектори како што се обновлива енергија (сончева, ветерна и сл.), консултантски услуги за одржливост и еколошки инженеринг. На пример, онлајн платформата за работа „Гласдор“ (Glassdoor) наведува 97 отворени позиции за менаџери за еколошка одржливост

во Шпанија, што укажува на сериозен пазар за зелени лидерски улоги (вкупно над 800 објавени позиции).

Дополнително, Шпанија ја интегрира одржливоста во стручното образование и обука (СОО) како дел од националниот план за зелена транзиција (Education and Training Monitor 2024). Со регулативата предвидена во Органскиот закон 3/2022, Министерството за образование воведе воведува модул за одржливост во сите дипломски програми за стручно образование, прилагоден на соодветниот систем за квалификации. Целта на модулот е да развие основни знаења и вештини за зелената економија, одржливост и влијанието врз животната средина. Освен тоа, шпанскиот Национален институт за квалификации ги ажурираше сите наставни програми според принципите на одржлива економија и релевантните еколошки регулативи. Дополнително, објави и цела палета нови програми за стручно образование во областа на одржливоста, вклучувајќи курсеви за одржување на хибридни и електрични возила.

Па така, за една личност да стане експерт за одржливост во Шпанија, индивидуата може да избере различни образовни патишта – онлајн или со физичко присуство – од магистерски студии до специјализирани курсеви. Многу универзитети и бизнис школи нудат програми фокусирани на корпоративна општествена одговорност и иновации. Дополнително, организации како SGS и AZTech Training & Consultancy нудат обуки поврзани со одржливост, ESG (еколошко, социјално и управувачко) работење и сродни теми.

Некои од обуките се:

- **SGS Spain – Обуки за одржливост и ESG**: комплетен сет обуки за одржливост и корпоративна општествена одговорност (CSR), вклучувајќи теми како системи за социјална усогласеност, одржливо управување, еко-дизајн и ESG известување.
- **La Salle – Управување со одржливост во бизнисот**: 8-неделен курс во Барселона за управување, мерење и комуницирање на одржливи стратегии.
- **EADA Business School – Магистерски студии за одржлив бизнис и иновации**: 10-месечна програма која комбинира теорија и практика.
- **Iberdrola – Програма за обука за МСП**: бесплатна онлајн програма со шест модули за корпоративна одржливост.
- **AZTech Training – Обуки за одржливост во Мадрид**: фокусирани на стратегиско размислување, практична имплементација и лидерски вештини.
- **IE Business School – Магистер за одржливост и трансформација на бизнисот**: целосен пристап за водење бизнис низ призма на одржливост.
- **ESEI Business School – Краток курс за одржливост и социјално влијание**: комбинира теорија, пракса и работа на реални проекти.

- **TrainingCred – PECB курсеви за обука за одржливост**: обуки за стекнување практични вештини во областа.

## СЛОВЕНИЈА

Компаниите во Словенија покажуваат силна посветеност кон еколошката одржливост. Според Европската инвестициска банка (ЕИБ), речиси сите словенечки компании — 97% — спровеле мерки за намалување на емисиите на стакленички гасови, што ја позиционира Словенија како еден од лидерите на ЕУ во областа на климатската акција.

Овој проактивен пристап особено се одразува во производствениот сектор, каде компаниите сè почесто ги прифаќаат принципите на циркуларна економија за зајакнување на еколошката заштита и економскиот раст. Таквите иницијативи ја истакнуваат растечката потреба од зелено лидерство кое ќе ги води трансформациите во одржливост во рамки на словенечките МСП.

Пазарот на зелени работни места во Словенија вклучува улоги во обновлива енергија, зелена градба, одржлив развој и еколошко консултирање. Конкретни работни позиции се: проект-менаџери за обновлива енергија, млади инженери, специјалисти за процеси, менаџери за производство и други. Побарувачка има и за советници за заштита на животната средина и експерти за управување со отпад.

Во делот на обуки и образование, покрај формалните магистерски и други академски програми, достапни се и:

- **SGS Slovenia – Обуки за одржливост и ESG**: курсеви за одржливост и корпоративна општествена одговорност, со теми како системи за социјална усогласеност, одржливо управување, еко-дизајн и ESG известување.
- **IRDO Institute – Управување со општествена одговорност и одржлив развој**: онлајн семинари и работилници за вградување на одржливоста во деловните стратегии. По завршување се добива IRDO сертификат од ниво 1.
- **Preferred by Nature – Обуки за сертификација и одржливост**: висококвалитетни курсеви за сертификациски шеми и теми поврзани со одржливост, насочени кон јавниот и корпоративниот сектор.
- **Unichrone – ISO 20121 Управување со одржливи настани**: обука за интеграција на одржливост во организирање на настани, со фокус на намалување на еколошкиот отпечаток.

- **Unichrone – Обука за општествена одговорност (CSR) во Љубљана**: опфаќа теми како вклучување на засегнатите страни, етичко управување и мерење на влијанието на CSR иницијативите.
- **TrainingCred – Обука за чиста енергија и управување со одржливост**: се фокусира на стратегии за одржлива иднина, со теми за чиста енергија и управување со ресурси.

## ГРЦИЈА

Малите и средни претпријатија (МСП) во Грција исто така активно инвестираат во одржливост, поткрепени со значителни финансиски вложувања. Европската инвестициска банка (ЕИБ) додели 1 милијарда евра во зелено финансирање за грчки МСП и средни компании, насочено кон проекти поврзани со обновлива енергија, енергетска ефикасност и други климатски иницијативи (ESG News, 2025).

Зголемениот фокус на одржливост се одразува и на пазарот на труд – според Glassdoor, во Грција има 75 отворени позиции за менаџери за одржливост, што укажува на растечка побарувачка за професионалци способни да водат зелени иницијативи во грчките компании. Најчести сектори се: обновлива енергија, еколошко консултирање, управување со отпад и заштита на природата. Конкретни позиции вклучуваат ESG & Sustainability Officers, експерти за здравје и безбедност, аналитичари за одржливост и специјалисти за HSE.

Во делот на обука за компании, достапни се бројни можности во полето на зелена транзиција и одржливост:

- **Bureau Veritas Hellas – Обуки за одржливост**: нуди широк спектар на курсеви за помош на компаниите при навигација низ комплексноста на одржливоста, со цел идентификација на активности за развој на доследни стратегии и усогласеност со меѓународни стандарди.
- **GLOMACS – Обуки за одржливост и CSR во Атина**: курсеви водени од експерти, кои вклучуваат технички и менаџерски аспекти на одржливост и корпоративна општествена одговорност, наменети за професионалци од различни индустрии.
- **AZTech Training – Обуки за одржливост во Атина**: обуки насочени кон стратегиско размислување, практична примена и лидерски вештини во одржлив контекст.
- **Sustainable Greece – Обуки за грчкиот кодекс за одржливост**: обуки кои го претставуваат националниот кодекс како алатка за усогласување со грчкото законодавство и ЕУ директивите за нефинансиско известување. Кодексот интегрира меѓународни стандарди како ISO, EMAS, GRI и Глобалниот договор на ОН.
- **CSR School – Напредна обука за одржлив развој**: обуки ажурирани според најновите барања во областа на одржливоста. Фокусот е ставен на идентификување деловни

можности поврзани со одржливост и вградување на одговорност во сржта на деловната стратегија.

- **Certified Sustainability (ESG) Practitioner Program – CSE**: интензивна дводневна обука во Атина која обезбедува практични алатки за спроведување или надградба на корпоративната одржливост, подобрување на ESG рејтинзите и креирање успешни ESG и одржливи стратегии.

- **Grant Thornton Greece – ESG и услуги за одржливост**: обезбедуваат обуки и работилници со цел подобро разбирање на поширокиот контекст на одржливост, преку вклучување на сите членови на тимот за постигнување активно учество и подлабока свесност за одржливите прашања.

## СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Северна Македонија, малите и средни претпријатија (МСП) сè повеќе ја препознаваат важноста на зеленото лидерство како двигател за одржлив раст. Истражување за концептот на зелена економија во земјата покажа дека и покрај растечката свест, само 15% од МСП биле вклучени во иницијативи поврзани со зелена економија, додека 69% немаат стратегија за примена на вакви концепти (Aneta R. Jankuloska, Dushko Josheski, 2024).

За надминување на овие празнини, се вложуваат значајни инвестиции. Европската инвестициска банка (ЕИБ) обезбеди 100 милиони евра за поддршка на развојот и зелената транзиција на МСП во земјата, со цел финансирање на енергетски и зелени проекти (ЕИБ, 2024). Дополнително, воспоставен е и Зелен финансиски инструмент во вредност од 30 милиони евра кој нуди стимулации базирани на перформанс за инвестиции во обновлива енергија и енергетска ефикасност (ЕБОР, 2023).

Во согласност со овие напори, достапни се следните можности за обука и развој во областа на одржливоста и зелената транзиција:

- **ESG обуки – AmCham North Macedonia**: организирани од Американската стопанска комора во земјата, обуките имаат цел да ја зајакнат улогата на корпоративниот сектор преку интеграција на ESG принципи, со фокус на одржливи практики и известување.

- **ESG Basics Programme – PwC North Macedonia**: обуки за нефинансиско известување, мерење на јаглероден отпечаток и одржливи проекти и средства. Програмата нуди сеопфатен преглед на ESG трендовите.

- **Green Business Ideas Accelerator Program**: бесплатна обука и менторска програма за зелени претприемачи, со поддршка во развојот на кружни деловни модели и знаење за законодавство, моделирање и финансирање.

- **DECOS – IECE**: програмата „Развој на еко-вештини за зелена економија" има цел да ги подобри вештините за управување со одржливост, отпад и енергија кај професионалци од различни сектори.
- **Школата за одржлив развој на Еко Логик**: организира работилници и кампови за средношколци и наставници, фокусирани на локални предизвици и вклучување на целите за одржлив развој во наставните активности.
- **Програмата за едукација на ментори за одржливост – Еко Логик**: има за цел да обучи возрасни едукатори и претставници на здруженија да станат „ментори за одржливост" и да инспирираат заедници кон одржливо делување.

## Поглавје 2: Професионален профил на „зелениот лидер“

Улогата на Зелениот лидер во компанијата, меѓу другото, е да ја зголеми заинтересираноста на вработените за еколошките прашања и да им помогне да изградат емоционална врска со природната средина, со цел деловните активности да се одвиваат во согласност со принципите на одржливоста (Rizwan Ullah Khan, 2023). На пример, во едно истражување спроведено во 2020 година се наведува дека „доколку зелените лидери изградат исправни и силни релации со своите соработници, загриженоста на вработените за еколошките проблеми значително се зголемува“ (M.C. Davis, 2020). Друго истражување покажува дека вработените кои работат во тимови раководени од зелени лидери имаат висока свест и почесто применуваат одржливо однесување, како намалување на отпадот, заштеда на енергија и еколошки свесни одлуки при купување (J. Feng, 2018).

Од друга страна, Зелениот лидер не е само експерт за екологија — туку стратешки движечка сила, која располага со:

- **Знаења** за еколошко законодавство, одржливи деловни модели и практики на циркуларна економија;
- **Вештини** за управување со промени, проценка на еколошки перформанси и мобилизирање на тимови;
- **Ставови** кои вклучуваат иновации, отпорност и етичко лидерство.

Улогите на зелено лидерство во МСП се сè поважни за усогласување на деловните процеси со целите за одржливост. Иако овие позиции имаат заеднички цели и одговорности (како заштита на животната средина, усогласеност со регулативите и поттикнување на иновации), нивната примена зависи од националните политики, економските структури и образовните системи.

Подолу следува преглед на клучни улоги, одговорности, вештини, компетенции и организациски контексти кои треба да се земат предвид при профилирање на зелени лидери:

- ### МЕНАЏЕР ИЛИ СОВЕТНИК ЗА ОДРЖЛИВОСТ

Менаџерот за одржливост (или службеник за одржливост) е професионалец одговорен за развој, спроведување и следење на стратегии за одржливост во рамките на компанијата. Оваа улога подразбира поддршка во дизајнирање и реализација на планови и мерки кои ќе обезбедат дека производствените процеси и производите се усогласени со еколошките регулативи и стандардите за општествена одговорност.

Менаџерот за одржливост го следи и известува за примената на стратегиите за одржливост во синџирот на снабдување и деловните процеси на компанијата. Тој анализира прашања поврзани со производствениот процес, користењето на материјали, намалувањето на отпадот, енергетската ефикасност и следливоста на производите, со цел да се намали еколошкото и социјалното влијание и да се интегрира одржливоста во културата на организацијата.

Иако оваа улога е релативно нова, таа често е дел од вишиот менаџмент. Обично се бара претходно искуство во областа, како и во логистика, комуникации или маркетинг, заедно со управување со проекти. Се препорачува најмалку четиригодишно високо образование во еколошки науки или сродни дисциплини.

Менаџерот за одржливост работи со други членови од тимот за креирање на планови кои ќе ѝ помогнат на компанијата да ги достигне целите за еколошка одржливост. Целта е да се зголеми економската, социјалната и еколошката благосостојба преку намалено влијание врз животната средина, зголемена ефикасност и намалена употреба на необновливи ресурси.

Типични одговорности:

- Вклучување на еколошки практики во деловното работење;
- Обезбедување усогласеност со сите локални и национални законски прописи;
- Развивање и надзор на иницијативи за одржливост;
- Усогласување на сите активности со стратешките цели на компанијата;
- Спроведување на проценки и известување за еколошки перформанси;
- Ангажирање на сите членови на тимот и засегнати страни;
- Популаризирање на практиките за одржливост внатрешно и јавно.

**Некои од општите МЕКИ ВЕШТИНИ потребни за улогата на Менаџер за одржливост се:**

- **Лидерство:** Способност за координација и мотивирање на тимови за прифаќање и спроведување на еколошки иницијативи. На пример, обука на оддел за рециклирање отпад и презентации за најдобри практики.

- **Тимска работа**: Соработка со различни оддели за подобрување на еколошките перформанси. Пример: заедничко креирање на план за управување со отпад или енергетска ефикасност.

- **Комуникација и раскажување приказни:** Јасно пренесување на еколошки пораки и објаснување сложени теми на разбирлив начин. Пример: извештај за навики на вработените во управување со отпад со цел подобрување на практиките.

- **Стратешко размислување**: Анализа и избор на најсоодветни еколошки практики. Пример: оценување на замена на осветлување со поефикасни решенија.

- **Управување со промени:** Водство низ трансформации поврзани со нови технологии или практики. Пример: иницијатива за намалување на пластика за еднократна употреба.

- **Ангажирање на засегнати страни:** Приспособување на комуникацијата според различни публики (од вработени до инвеститори) за постигнување поддршка и усогласување на интереси.

- **Критичко размислување и решавање проблеми:** На пример, соработка со инженер и производител за намалување на емисии од машини.

**Некои од општите ТЕХНИЧКИ ВЕШТИНИ се:**

- **Анализа на податоци и индикатори за одржливост:** Познавање на KPI, алатки за анализа на животен циклус (LCA), протоколи за стакленички гасови.
- **Системи за еколошко управување (EMS):** Примена на стандарди како ISO 14001, спроведување на ревизии и усогласеност со регулативи.
- **Одржлив дизајн и инженеринг**: Апликација на еко-дизајн принципи за намалување на влијанието во фазите на развој и употреба на производи.
- **Дигитални алатки**: Користење на софтвер за мониторинг на енергија, јаглеродна пресметка, визуелизација и известување.
- **Управување со проекти:** Креирање буџети, рокови, координација и спроведување на еколошки иницијативи (на пр. поставување соларни системи).

**Најважните, општи ЗЕЛЕНИ КОМПЕТЕНЦИИ, неопходни за позицијата Менаџер за одржливост се:**

- **Знаење за проценка на еколошкото влијание:** Менаџерите за одржливост често ја применуваат оваа вештина за да проценат како деловните активности влијаат врз животната средина, вклучително и емисиите, потрошувачката на вода и влијанието врз биодиверзитетот. На пример, менаџерот може да изврши анализа на јаглеродниот отпечаток пред проширување на возниот парк и да достави аргументи зошто треба да се изберат возила со ниска емисија.

